HOPS
HEALTHY OPTIONS PROJECT SKOPJE

Барање

Дома | За нас | Програми | Публикации | Галерија | За медиуми | Контакт

# Наскоро проекција на кратки филмчиња како и дискусија за намалување на штети од дроги со Еди Еинбиндер



Наскро во организација на ХОПС ќе се одржи проекција на кратки филмчиња како и дискусија за намалување на штети од дроги, која ќе ја држи Еди Еинбиндер.

Се' што е во документарците е сосема реално. Секогаш едукативни и понекогаш шокантни. Во документарците корисниците на дрога се обидуваат да ги преземат сите неопходни мерки на претпазливост при користење на нивниот избор на дроги. Опфатени се следниве супстанции: Адерал, алкохол, цигари, пури, кокаин, DMT, хероин, кетамин, ЛСД, марихуана, MDMA, метамфетамин, печурки, азотен оксид, Oxycontin и Salvia.

Од 2008 година Еди започнува со презентирање на стратегиите за намалување на штети и превенција од предозирање со дроги во над 200 институции и конференции низ целиот свет. Предавања се одржани на врвни универзитети, средните училишта, бездомници, младински клиники. Настани се хостирани и од страна на приватни групи на родители и ученици.

Презентациите се прилагодени на потребите на публиката и секогаш вклучуваат комбинација на филмски проекции, предавања, отворени дискусии. Темите се извлечени од неговата книга, документарен филм, истражувањата и клиничко искуство од работата со млади.

Се повеќе и повеќе заедници го бараат овој тип на прогресивни едукации. Еди е психотерапевт за намалување на штети, а од септември 2015 година тој ги прави овие активности преку Центарот за оптимално живеење.  Исто така нуди индивидуална и групна терапија, со посебен фокус на младите луѓе.
Еди стои зад насловот на книгата „ How to Have Fun and Not Die “ воедно и филмот „Play safe“.

**Наскоро ќе го направиме ивентот на кој ќе има детали за локација и време.**

Share with

G+ Share Tweet

Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје | Ул. Христо Смирненски бр. 48/1-6, 1000 Скопје, Република Македонија | +389 (0)2 3 246 205 | +389 (0)2 3 246 210 | hops@hops.org.mk